УНИВЕРЗИТЕТ „СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ПРАВОСЛАВЕН БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ
„СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

НА ПРАВОСЛАВНИОТ БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ „СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“

СКОПЈЕ

08

2019-2021

Скопје, март 2023

Издание на Православниот богословски факултет
„Свети Климент Охридски" – Скопје

Првиот број на *Билтенот* е објавен како прилог кон број 5 на „Весник" – Службен лист на македонската православна црква – Охридска архиепископија

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Ѓоко Ѓорѓевски, декан

Уредници: доцент д-р Анета Јовковска и м-р Билјана Петковска

Умножено на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски" – Скопје

Тираж 3 примероци

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Православен богословски факултет
„Св. Климент Охридски“ – Скопје
22.12.2021
299/1

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО БИБЛИСКИ СТУДИИ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОД СВЕТО ПИСМО НА НОВИОТ ЗАВЕТ И СТАРОГРЧКИ ЈАЗИК, НА ПРАВОСЛАВНИОТ БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ „СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Во врска со распишаниот конкурс, објавен во весникот „Вечер“, на 14.12.2021 година, број 17793, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по: *Библиски студии во областа од Свето писмо на Новиот завет и Старогрчки јазик*, како и врз основа на Одлуката од Шестата седница на Наставно-научниот совет на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје, одржана на 04.11.2021 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Ратомир Грозданоски – претседател, редовен професор на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, проф. д-р Ѓоко Ѓорѓевски – член, редовен професор на Православниот богословски факултет во Скопје и проф. д-р Милан Ѓорѓевиќ – член, вонреден професор на Православниот богословски факултет во Скопје.

Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставените материјали и направената анализа, го поднесува следниов

# ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања по *Библиски студии во областа од Свето писмо на Новиот завет и Старогрчки јазик*, се пријави само д-р Дарко Анев, асистент на Православниот богословски факултет во Скопје.

Кон пријавата ги приложи и потребните документи, согласно Правилникот за критериумите и постапките при избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, (Универзитетски гласник, број 411 од 5 ноември 2018 година).

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Дарко Анев е роден на 23.10.1983 година во Скопје. Основно и средно образование завршил во Скопје. Со високо образование се стекнал на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје, каде дипломирал на Катедрата по библиска група студии: Свето писмо на Новиот завет – на 20.12.2007 година, со просечен успех 8,68.

Во 2010 година се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Теолошкиот факултет во Ројтлинген (Германија), а во 2012 година го одбранил магистерскиот труд на тема: „*Споредбена студија помеѓу западната и источната егзегеза во однос на Евангелието според Јован*“ („*Eine vergleichende Studie zwischen*

*westlicher und orthodoxer Exegese am Beispiel des Johannesevangeliums – Worte, die ewiges Leben schenken*"), со просечен успех 8,53.

Со докторски студии продолжил на Теолошкиот факултет при Универзитетот Хумболт во Берлин (Германија). Таму, на 01.10.2014 година, ја пријавил својата докторска дисертација на тема: „*Спасоносните перспективи на просторноста во Евангелието според Јован, гл. 14*" („*Rettende Perspektive der Räumlickeit nach dem Johannesevangelium, Kap. 14*"), а истата ја одбранил на Теолошкиот факултет при Универзитетот Хумболт во Берлин на 23.10.2019 година. При тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки од научната област Теологија – егзегеза и антички јазици.

Од 2009 година до денес, д-р Дарко Анев работи на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, каде што Наставно-научниот совет најпрво го избрал за помлад асистент (2009), а потоа за асистент (2013), на Катедрата по библиски студии, во областа од Свето писмо на Новиот завет и Старогрчки јазик.

Кандидатот активно се служи со германски и англиски јазик.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ

### 2.1. <u>Наставно-образовна дејност</u>

Во рамките на наставно-образовната дејност на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски" во Скопје, кандидатот д-р Дарко Анев успешно и посветено ја извршува својата асистентска обврска и дејност на првиот циклус студии во студиската програма од Свето писмо на Новиот завет и Старогрчки јазик.

Учествувал и како член во комисија за оцена и одбрана на 33 дипломски, 2 магистерски и на 3 специјалистички трудови.

Д-р Дарко Анев, освен асистентската дејност на првиот циклус студии при Православниот богословски факултет во Скопје, одржувал и настава од втор циклус студии на Теолошкиот факултет во Ројтлинген (Германија). За време на неговиот престој во Германија раководел со 13 работилници, од кои 5 се на Теолошкиот факултет во Ројтлинген, а 8 на Теолошкиот факултет во Берлин. А особено е активен во областа на интеркултурата и поврзувањето на научните области од археологијата и теологијата, и притоа организира теренска настава меѓу Берлин и Скопје.

За време на докторските студии е ангажиран на Теолошкиот факултет во Берлин да одржува вежби од предавањата на Новиот завет, Старогрчки јазик и Староеврејски јазик.

На Теолошкиот факултет во Ројтлинген, по предлог од наставно научниот совет, е соработник на проф. Улрике Шулер при оформувањето на два нови студиски предмета за додипломски и магистерски студии, кои се прифатени од научната академија во Штутгарт.

Постигнатите поени според Образецот 2 кон Извештајот за избор во наставно-научно звање од наставно-образовната дејност се **149,63** поени и покажуваат петпати повеќе од предвидените критериуми (минимум 20 поени), со

што се отсликува значајниот ангажман на д-р Дарко Анев во **наставно-образовната дејност.**

## 2.2. Научноистражувачка дејност

Кандидатот покажува резултати и во оваа дејност со објавени три научни труда во научни списанија со импакт-фактор, еден труд во меѓународно научно списание, три во меѓународни научни публикации и три во зборници од научни собири.

Д-р Дарко Анев има објавено труд во значајна монографија во странство од областа на Новиот завет: Darko Anev, „*Räumlichkeit und Johannesevangelium*" in: Fabian Horn and Cilliers Breytenbach (Eds.), Spatial Metaphors. Ancient Texts and Transformations, Berlin: Edition Topoi, 2016, 22-40

Бил раководител на четири национални и три меѓународни научни проекти и координатор на четири меѓународни научни проекти, а учествувал четирипати како член во научни проекти.

За време на својот престој во Германија д-р Дарко Анев зема учество на педесет и пет предавања на научни собири во различни земји. А значајни се неговите настапи на теолошки факултети во Берлин, Ројтлинген, Јужна Африка и Холандија. Тоа подразбира и постојана соработка со голем број научници од Европа и од други континенти.

Приложените трудови во најголем дел се од областа на библистиката, односно, новозаветната егзегеза, како и од лингвистиката. Трудовите на кандидатот ја покажуваат неговата посветеност и способност за продлабочен научен пристап во проучување на егзегетските и лингвистичките прашања и предизвици. Презентираните научни сознанија во трудовите укажуваат дека солидно ја владее научно истражувачката проблематика од областите за која се избира.

Постигнатите поени според Образецот 2 кон Извештајот за избор во наставно-научно звање од наставно-образовната дејност се **216** и го покажуваат ангажманот на д-р Дарко Анев во **научно-истражувачката дејност.**

## 2.3. Стручно-апликативна дејност и дејности од поширок интерес

Д-р Дарко Анев е активен во стручно-апликативната дејност по библистика и егзегеза на Новиот завет. Притоа, има удел во уредувањето на лексикон по библиска херминевтика од Белград, каде воедно е и автор на две одредници од областа на Новиот завет – одредниците: „Нов завет" и „Епистолографија".

Стручно усовршување во странство остварил со студиски престој во Регенсбург – Источен црковен институт, Ројтлинген – Теолошки факултет, Берлин – Теолошки Факултет, Еврејскиот Универзитет во Ерусалим и Универзитетот во Хаифа за библиски и талмудски студии.

Учествува на предавања во институции од јавен интерес во земјава и во странство, при што е ангажиран како преведувач од германски на македонски, а вклучен е и во подготовката на нов превод на Светото писмо на Новиот завет, како и нов поетски превод на Псалтирот од староеврејски јазик.

Врз основа на Образецот 2 кон Извештајот за избор во наставно-научно звање од наставно-образовната дејност остварил **15** поени, што го надминува потребниот лимит за избор во звањето доцент.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија, врз основа на целокупната документација и личното познавање на кандидатот, позитивно ја вреднува и оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Дарко Анев.

Според изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека д-р Дарко Анев поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето **доцент** по *Библиски студии во областа од Свето писмо на Новиот завет и Старогрчки јазик*.

Оттаму, ни претставува особена чест и задоволство, да му предложиме на Наставно-научниот совет при Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски" во Скопје, да го избере д-р Дарко Анев во звањето **д о ц е н т** по *Библиски студии во областа од Свето писмо на Новиот завет и Старогрчки јазик*.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

Проф. д-р Ратомир Грозданоски, претседател

---------------------------------------------

Проф. д-р Ѓоко Ѓорѓевски, член и

---------------------------------------------

Вонр. проф. д-р Милан Ѓорѓевиќ, член

---------------------------------------------

**ОБРАЗЕЦ 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** ***Дарко Тоде Анев***
(име, татково име и презиме)

**Институција:** ***Православен богословски факултет „Свети Климент Охридски" – Скопје***
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** ***Библиски студии по Свето писмо на Новиот завет и Старогрчки јазик***

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОРАБОТНИК**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: **8,68**<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: **8,53**<br>Просечниот успех изнесува **8,6** за интегрираните студии. | ДА |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира: **Доктор по теолошки науки**<br>Назив на научната област: **Библиски студии по Свето писмо на Новиот завет и Старогрчки јазик,**<br>Поле: **Библистика,**<br>подрачје **Теолошки науки**. | ДА |
| 3 | Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | ДА |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование | ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | Назив на научното списание: **Spatial Metaphors. Ancient Texts and Transformations**<br>1. Назив на електронската база на списанија: **Edition TOPOI – EXCELLENCE CLUSTER (TJ), Journal Citation Report.**<br>2. Наслов на трудот: ***„Räumlichkeit und Johannesevangelium"***<br>3. Година на објава: **2016** | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br><br>1. Назив на научното списание: **Fachzeitschrift: EmK Geschichte. Quellen – Studien – Mitteilungen**<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови: 30; САД 5, ГЕРМАНИЈА 3, ХОЛАНДИЈА 3, ИРСКА 2, БРИТАНИЈА 2, ЈУЖНА АФРИКА 4, РУСИЈА 6, ГРЦИЈА 2, ТУРЦИЈА 2 и ИЗРАЕЛ 2)<br>3. Наслов на трудот: ***„Pastoraltheologie. Persönliche Vorstellung. Wer bin ich? Reflexion über den eigenen theologisch-kirchlichen Werdegang. Mein Kirchen-(Gemeinde)Verständnis mögliche Spannungsfelder"***<br>4. Година на објава: 2012 | |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br><br>1. Назив на научното списание: Die Zeitschrift „OST-WEST. Europäische Perspektiven", 10. Jahrgang, Heft 3, Freising, OWEP<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: Германија<br>3. Наслов на трудот: „*Eine östliche Sicht auf* westliche Traditionen"<br>4. Година на објава: 3/2009<br><br>1. Назив на научното списание: Fachzeitschrift: EmK Geschichte. Quellen – Studien – Mitteilungen,<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: Германија<br>3. Наслов на трудот: „*Wir haben hier keine ständige Stadt*" Hebräer 13,14<br>4. Година на објава: 2013 | ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 1. Назив на научното списание: Buchreihe: EmK Geschichte. Monografien, Reutlingen<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: Германија<br>3. Наслов на трудот: *„Die mazedonisch-orthodoxe Kirche und die Ökumene Geschichte und Entwicklung im zwischenkirchlichen Verhältnis“*,<br>4. Година на објава: 2013 | |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Наслов на книгата: ________<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД________<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: ________ | |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br><br>1. Назив на зборникот: _______<br>2. Назив на меѓународниот собир: ____________<br>3. Имиња на земјите: _________<br>4. Наслов на трудот: _____________<br>5. Година на објава: _____________ | |
| 3.6 | Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност<br><br>1. Наслов на преведеното капитално дело: _______<br>2. Година на објава: _____________<br>3. Издавач, место на издавање и година: _______ | |
| 4 | Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа<br><br>1. Странски јазик: Германски јазик<br>2. Назив на документот: DSH – C – C1<br>3. Издавач на документот: Институт за странски јазици при Филолошкиот факултет во Регенсбург (Германија)<br>4. Датум на издавање на документот: 2009 | ДА |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | ДА |

* На лицата кои имаат засновано работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се

однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под редея број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 4 (четири) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

**ОБРАЗЕЦ 2**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:**

**Дарко Тоде Анев**
(име, татково име и презиме)

**Институција:**

Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:**
*Библиски студии по Свето писмо на Новиот завет и Старогрчки јазик*

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување на настава – од прв циклус на студии** | |
| | Во 2009 година (летен семестар) одржувани се 4 часа неделно (Вовед во Светото писмо на Новиот завет 1 час, Старогрчки јазик II 1 час, Свето писмо на Новиот завет – егзегеза II 1 час и Свето писмо на Новиот завет – егзегеза IV 1 час) што значи дека бодирањето е 1*4*15*0,03 = 1,8 поени. Во 2012 (зимски семестар) одржувани се 4 часа неделно (Старогрчки јазик I 1 час, Свето писмо на Новиот завет – егзегеза I 1 час и Свето писмо на Новиот завет – егзегеза III 1 час, Старогрчки јазик III 1 час) што значи дека бодирањето е 1*4*15*0,03=1,8 поени. Во 2013 (зимски семестар) одржувани се 4 часа неделно (Старогрчки јазик I 1 час, Свето писмо на Новиот завет – егзегеза I 1 час и Свето писмо на Новиот завет – егзегеза III 1 час и Старогрчки јазик III 1 час) што значи дека бодирањето е 1*4*15*0,03=1,8 поени. Во 2017 година (два семестри) одржувани се вежби по 7 часа неделно (Старогрчки јазик I 1 час, Старогрчки јазик II 1 час, Старогрчки јазик III 1 час, Свето писмо на Новиот завет – егзегеза I 1 час, Свето писмо на Новиот завет – егзегеза II, Свето писмо на Новиот завет – егзегеза III 1 час и Свето писмо на Новиот завет – егзегеза IV 1 час) што значи дека бодирањето е 1*7*15*0,03=3,15 поени. Во 2018 година (два семестри) одржувани се вежби по 8 часа неделно (Старогрчки јазик I 1 час, Старогрчки јазик II 1 час, Старогрчки јазик III 1 час, Старогрчки јазик IV, Свето писмо на Новиот завет – егзегеза I 1 час, Свето писмо на Новиот завет – егзегеза II 1 час, Свето писмо на Новиот завет – егзегеза III 1 час и Свето писмо на Новиот завет – егзегеза IV 1 час) што значи дека бодирањето е 2*8*15*0,03=7,2 поени. | **61,35** |

| | | |
|---|---|---|
| | Во 2018 година (летен семестар) одржани се 6 предавања (Вовед во Светото писмо на Новиот завет 4 час и Старогрчки јазик IV 2 час) што значи дека бодирањето е 1*6*15*0,04=3,6 поени. Во 2019 година (два семестри) одржувани се вежби по 8 часа (Старогрчки јазик I 1 час, Старогрчки јазик II 1 час, Старогрчки јазик III 1 час, Старогрчки јазик IV, Свето писмо на Новиот завет – егзегеза I 1 час, Свето писмо на Новиот завет – егзегеза II 1 час, Свето писмо на Новиот завет – егзегеза III 1 час и Свето писмо на Новиот завет – егзегеза IV 1 час) што значи дека бодирањето е 2*8*15*0,04=7,2 поени. Во 2020 година (два семестри) одржувани се вежби по 8 часа (Старогрчки јазик I 1 час, Старогрчки јазик II 1 час, Старогрчки јазик III 1 час, Старогрчки јазик IV, Свето писмо на Новиот завет – егзегеза I 1 час, Свето писмо на Новиот завет – егзегеза II 1 час, Свето писмо на Новиот завет – егзегеза III 1 час и Свето писмо на Новиот завет – егзегеза IV 1 час) што значи дека бодирањето е 2*8*15*0,04=7,2. Во 2020 година (два семестри) одржувани се предавања по 2 часа (Старогрчки јазик IV 2 час) што значи дека бодирањето е 2*2*15*0,04=2,4. Во 2021 година (еден семестар) одржувани се вежби по 8 часа (Старогрчки јазик I 1 час, Старогрчки јазик II 1 час, Старогрчки јазик III 1 час, Старогрчки јазик IV 1 час, Свето писмо на Новиот завет – егзегеза I 1 час, Свето писмо на Новиот завет – егзегеза II 1 час, Свето писмо на Новиот завет – егзегеза III 1 час и Свето писмо на Новиот завет – егзегеза IV 1 час) што значи дека бодирањето е 2*8*15*0,03=7,2. Во 2021 година (летен семестар) одржувани се предавања по 2 часа (Старогрчки јазик IV 2 час) што значи дека бодирањето е 1*2*15*0,04=1,2.<br>Во 2018 година (зимски семестар) се одржани предавања по 6 часа (Exegisis I) на Hugenote Kollege – Wellington: Предавање – „*Православна традиција – Orthodoxe Tradition*" што значи дека бодирањето е 1*6*15*0,04=3,6 поени.<br>Во 2019 година (два семестри) се одржани предавања по 6 часа (Exegisis II) на Hugenote Kollege – Wellington: Предавање – „*Православна традиција – Orthodoxe Tradition*" што значи дека бодирањето е 2*6*15*0,04=7,2 поени.<br>Во 2020 година (два семестри) се одржани предавања по 5 часа (Exegisis II) на Hugenote Kollege – Wellington: Предавање – „*Православна традиција – Orthodoxe Tradition*"што значи дека бодирањето е 2*5*15*0,04=6 поени.<br>Вкупниот број на поени е:<br>1,8+1,8+1,8+3,15+7,2+3,6+7,2+7,2+2,4+7,2+1,2+3,6+7,2+6=**61,35** поени. | |
| **2.** | **Одржување на настава – од втор циклус на студии** | |
| | Во 2017 година (четири недели) одржувани се предавања по 6 часа неделно на Теолошкиот факулет во Ројтлинген – Германија (Магистерски студии на Теолошкиот факултет во Ројтлинген (Германија): Основен Модел, Дел 1 – област: „Христијански спиритуалитет во контекст на различни религии и култури")што значи дека бодирањето е 6*4*0,04=0,96. Во 2017 година (четири недели) одржувани се вежби по 6 часа неделно на Теолошкиот факулет во Ројтлинген – Германија (Магистерски студии на Теолошкиот факултет во Ројтлинген | **14,4** |

| | | |
|---|---|---|
| | (Германија): Основен Модел, Дел 1 – област: „Христијански спиритуалитет во контекст на различни религии и култури")што значи дека бодирањето е 6*4*0,03=0,72. Во 2018 година (четири недели) одржувани се предавања по 6 часа неделно на Теолошкиот факулет во Ројтлинген – Германија (Магистерски студии на Теолошкиот факултет во Ројтлинген (Германија): Основен Модел, Дел 1 – област: „Христијански спиритуалитет во контекст на различни религии и култури")што значи дека бодирањето е 6*4*0,04=0,96. Во 2018 година (четири недели) одржувани се вежби по 6 часа неделно на Теолошкиот факулет во Ројтлинген – Германија (Магистерски студии на Теолошкиот факултет во Ројтлинген (Германија): Основен Модел, Дел 1 – област: „Христијански спиритуалитет во контекст на различни религии и култури")што значи дека бодирањето е 6*4*0,03=0,72. Во 2019 година (четири недели) одржувани се предавања по 6 часа неделно на Теолошкиот факулет во Ројтлинген – Германија (Магистерски студии на Теолошкиот факултет во Ројтлинген (Германија): Основен Модел, Дел 1 – област: „Христијански спиритуалитет во контекст на различни религии и култури")што значи дека бодирањето е 6*4*0,04=0,96. Во 2019 година (четири недели) одржувани се вежби по 6 часа неделно на Теолошкиот факулет во Ројтлинген – Германија (Магистерски студии на Теолошкиот факултет во Ројтлинген (Германија): Основен Модел, Дел 1 – област: „Христијански спиритуалитет во контекст на различни религии и култури")што значи дека бодирањето е 6*4*0,03=0,72. Во 2020 година (четири недели) одржувани се предавања по 6 часа неделно на Теолошкиот факулет во Ројтлинген – Германија (Магистерски студии на Теолошкиот факултет во Ројтлинген (Германија): Основен Модел, Дел 1 – област: „Христијански спиритуалитет во контекст на различни религии и култури") што значи дека бодирањето е 6*4*0,04=0,96. Во 2020 година (четири недели) одржувани се вежби по 6 часа неделно на Теолошкиот факулет во Ројтлинген – Германија (Магистерски студии на Теолошкиот факултет во Ројтлинген (Германија): Основен Модел, Дел 1 – област: „Христијански спиритуалитет во контекст на различни религии и култури")што значи дека бодирањето е 6*4*0,03=0,72.<br>Во 2021 година (четири недели) одржувани се предавања по 6 часа неделно на Теолошкиот факулет во Ројтлинген – Германија (Магистерски студии на Теолошкиот факултет во Ројтлинген (Германија): Основен Модел, Дел 1 – област: „Христијански спиритуалитет во контекст на различни религии и култури")што значи дека бодирањето е 6*4*0,04=0,96. Во 2021 година (четири недели) одржувани се вежби по 6 часа неделно на Теолошкиот факулет во Ројтлинген – Германија (Магистерски студии на Теолошкиот факултет во Ројтлинген (Германија): Основен Модел, Дел 1 – област: „Христијански спиритуалитет во контекст на различни религии и култури")што значи дека бодирањето е 6*4*0,03=0,72.<br>Вкупниот број на поени е:<br>0.96+0,72+0,96+0,72+0,96+0,72+0,96+0,72+0.96+0,72=14,4 | |

| | | |
|---|---|---|
| | поени. | |
| **3.** | **Настава во школи и работилници** | |
| | 1. Раководител на првиот наставниот научен колегиум на научниот форум на Теолошкиот факултет во Ројтлинген (Германија) секција: „Новозаветна егзегеза" / Forum Forschung – Theologische Hochschule Reutlingen (2017) | 1,5 |
| | 2. Раководител на вториот наставниот научен колегиум на научниот форум на Теолошкиот факултет во Ројтлинген (Германија) секција: „Новозаветна егзегеза" / Forum Forschung – Theologische Hochschule Reutlingen (2018) | 1,5 |
| | 3. Раководител на третиот наставниот научен колегиум на научниот форум на Теолошкиот факултет во Ројтлинген (Германија) секција: „Новозаветна егзегеза" / Forum Forschung – Theologische Hochschule Reutlingen (2019) | 1,5 |
| | 4. Раководител на четвртиот наставниот научен колегиум на научниот форум на Теолошкиот факултет во Ројтлинген (Германија) секција новозаветна егзегеза/ Forum Forschung – Theologische Hochschule Reutlingen (2020) | 1,5 |
| | 5. Раководител на петтиот наставниот научен колегиум на научниот форум на Теолошкиот факултет во Ројтлинген (Германија) секција новозаветна егзегеза/ Forum Forschung – Theologische Hochschule Reutlingen (2021) | 1,5 |
| | 6. Раководител на институтот за Археологија и Епграфија на Теолошкиот факултет во Берлин секција: „Вовед во папирологија и епиграфика" / Humboldt-Universität zu Berlin: *„Einführung in die Papyrologie und Epigraphik"* (2017) | 1,5 |
| | 7. Раководител на јавен докторски колоквиум во Берлин: *„Корпусот на Христијанството како просторно владеење во Христос – метафората како наратолошки клуч"* / Speaker: Excellence Cluster TOPOI – (2015-2016) | 1,5 |
| | 8. Раководител на научен Собир во Берлин на теолошкиот факултет секција: *„Делибертивни концепти и метафори"* / Berlin Fachtagung: *„The Premeditated Path. Deliberate Metaphor in Ancient and Modern Texts"* (2016) | 1,5 |
| | 9. Раководител на интердисциплинарни колоквиуми на теолошкиот факултет во Берлин, отсек: *„Новозаветна Исагогика"* / Humboldt-Universität zu Berlin, *Interdisziplinäres Doktorandenkolloquium (2016)* | 1,5 |
| | 10. Раководител и организатор на научен докторски круг: *„Филон Александриски"* и *„Што е религија"* (секција: старогрчка концепција на раскажување) – *De Vita Contemplativa* / Humboldt-Universität zu Berlin, Lektürkreis: *„Philo von Alexandria – De Vita Contemplativa"*/ Lektürkreis: *„Was ist Religion"* (2015-2016) | 1,5 |
| | 11. Раководител на истражувачките колуквиуми за помладата генерација на докторанди: (секција) *Големите Текстови од студиите за Новиот завет* / Humboldt-Universität zu Berlin, Forschungskolloquium: | 1,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | „*Große Texte des Studiums des neuen Testaments I*" (2015-2016) | |
| | 12. Раководител и организатор на работилници: „*Метафори и другите патишта кои ние ги бираме*" / Organisation: Workschop: „*Metaphors and Other Ways We Choose Bay*" (2015) | 1,5 |
| | 13. Учесник на истражувачки работилница на Институтот за класична филологија: секција старогрчки јазик: „*Хомер и развојната јазична антика*" / Humboldt-Universität zu Berlin, *Forschungskolloquium: Institut für Klassische Philologie – Gräzistik (2016)* | 1 |
| **4.** | **Одржување на теренска настава** | |
| | *1.* Организирање на Истражувачки научен престој во Скопје за институтот од Берлин за епиграфија и антика (работа и теренско истражување во Скопје во античкиот локалитет Стоби / Forschungsaufenhalt: Skopje und Stobi: *Exploring Metaphors in Ancient and Medieval Texts.*<br>Предавањата беа реализирани по 8 часа дневно во две недели, што значи дека бодирањето е 8*2*0,04=0,64 поени. | 0,64 |
| | *2.* Организирање на Истражувачки научен престој во Скопје за институтот од Берлин за епиграфија и антика / Forschungsreise nach Stobie Makedonien: „*Inschriften – praktische Reproduktion*" (Arheological Museum of Macedonia and Institute for National History).<br>Предавањата беа реализирани по 8 часа дневно во две недели, што значи дека бодирањето е 8*2*0,04=0,64 поени. | 0,64 |
| **5.** | **Одржување на вежби** | |
